Врз основа на член 27, став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/190, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19 , 08/21, 01/23, 05/23 , 14/23, 05/24 и 09/24 ), Советот на Општина Крива Паланка на 48–та седница одржана на 23.12.2024 година, донесе :

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2025 ГОДИНА
# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Член 1**

Буџетски календар за 2025 година.

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кои се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ , кој им го доставува на општините. | **Министерство за финансии** |
| **1 – 5 Октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | **Градоначалник** |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори и одделенија во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани програми и активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/приоритетите/ активностите на секој од општинските сектори и одделенија. | **Градоначалник , општинска администрација и одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | **Општинска администрација** |
| **Октомври** | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-програми и пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог – буџет. | **Градоначалник , Одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври – Ноември** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | **Градоначалник** |
| **Крај на ноември** | Одделението за финансии го изготвува Предлог– Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **Градоначалник** |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение. | **Градоначалник** |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | **Совет на општина** |
| **Крај на декември** | - Донесување на Буџетскиот календар ;<br>- Донесување на Буџетот за наредната буџетска година ;<br>- Донесуванање Одлука за извршување на буџетот на општината ;<br>- Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници . | **Совет на општина** |
| **1 Јануари** | Започнува новата фискална година | |

**Член 2**

Буџетскиот календар за 2025 година на Општина Крива Паланка влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09 – 6325/11**
**23.12.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА